# ИНТЕРЕСИРАЊЕ ЗА СОЦИЈАЛНИОТ КОНТЕКСТ НА УМЕТНОСТА

Никола Узуновски е млад ликовен уметник, кој во моментов ги приврѓува своите постдипломски студии на Универзитетот во Венеција. Со образование на традиционален скулптор (по средното уметничко образование во Скопје, завшил ликовна академија, отсек скултура на Универзитетот во Неапол) Узуновски во последниве неколку години понагласено се завртува најнапред кон истражувањата на самата скулпторска форма (ја истржаувва, да речеме, врската меѓу навидум неспоиви нешта - водата и тродимензионалноста на скуптурата), а подоцна и на суштинаа на самиот творечки исказ, со нагласен интерес за социјалните контексти на уметничкото создавање и, воопшто, на рецепцијата на уметничкото дело. Во смисла на ова последново Узуновски има земено учество на неколку хепенинзи на млади уметници одржани во разни градови во Италија, вклучувајќи, на пример, еден каде тој и неговите колеги поставуваат прашање дали и во кој контекст и обичните нешта како, да речеме, роденденските забави можат да бидат прогласени за уметничко дело

Дел од овие интереси на Узуновски е и еден поголем проект што го работеше последнава година, дел од кој е и презентиран на изложбата во Палацо Кавур во Торино. Станува збор за нагласен концептуален приод во чие средиште се фотографии на бели снежни површини направени во текот на подолг период и на различни локации ширум Европа, од кои некои и прилично „еготични" - на пример, поголема серија фотографии направени специјално за овој проект на места зад поларниот круг во Финска и во Шведска. Загатската што ја поставува Узуновски и пред себе и пред својата публика е во прашањето што се случува кога автентични репродукции на овие фотографии ќе бидат изложени во галерија. Имено, формално гледано, во контекст на традиционалното поимење на ликовната уметност, ефектот се бели паноа на кои само одблизу и со голем напор може да се препознае деликатната структура на снегот. Оваа парадоксална ситуација, според Узуновски впечатливо посочува на некои суштински и сѐ уште не докрај разрешени прашања во врска со местото на уметникот во општеството и општествената верификација на неговото дело.



Узуновски, меѓу останатото, се интересира за прашања на скултурската форма

